Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-267/4
03-04-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-267/1 од 22.2.2024 година поднесена од адвокат [redacted] од Гостивар, со адреса [redacted] против ЈЗУ Општа Болница „Д-р Ферид Мурад" Гостивар, за извршена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 3.4.2024 година го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-267/1 од 22.2.2024 година, поднесена од адвокат [redacted] од Гостивар против ЈЗУ Општа Болница „Д-р Ферид Мурад" Гостивар за извршена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 22.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на адвокат [redacted] против ЈЗУ Општа Болница „Д-р Ферид Мурад" Гостивар за извршена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, **околностите и фактите врз кои се темели претставката**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис, односно факти и околности за тврдењето за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 27.2.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката во насока што ќе наведе факти и околности за пријавената дискриминација.

Подносителот на ден 7.3.2024 година достави доуредување на службената електронска адреса на Комисијата, во кое опишува дека станува збор за ситуација во која ЈЗУ Општа Болница „Д-р Ферид Мурад" Гостивар, со Одлука бр. 04-307/1 од 9.2.2024 година извршила избор на работници на неопределено време, и тоа: 10 доктори на медицина (сите од албанска националност), 10 медицински сестри (сите од албанска националност), 1 дипломиран биохемичар (кој бил треторангиран на официјалната ранг листа), 3 дипломирани физиотерапевти и 1 рендгенолошки технолог. Смета дека со донесувањето на одлуката, раководниот орган на установата го нарушил принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници.
Дополнително, во телефонски разговор со вработена од Комисијата, адвокатот истакна дека претставката ја поднесува во име на повеќе лица, чии податоци, заедно со нивна писмена согласност- полномошно, ќе ги достави до Комисијата.

Од причина што претставката не беше доуредена во предвидениот законски рок од страна на подносителот, односно не беа доставени податоци и писмена согласност од лицата во чие име се поднесува претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката заради неуредност.

Скопје
3.4.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]